

# ЛИДИЈА ВУЈИСИЌ

## ГРАФИКИ

Експонатите на **Лидија Вујисиќ** имаат интелектуален и визуелен пристап кој може да се следи низ временски пресек од 1983 до 1997година.

Почетните експонати ги карактеризира кубистичка организација на композицијата од геометриски форми поставени во строго геометриски ред, каде бојата го нагласува (зајакнува) чувството на архитектонска структура и длабина на просторот.

Мртвите природи во 1986год. се развиваат со изобилство на линеарни пресеци низ кои се насетуваат стилизирани форми на елементите.

Строгата геометризација е комбинирана со линеарна (органска). Карактеристична е чистината на отиснатите површини, синхронизираност на обоените елементи и суптилно разработени повлекувања на линијата.

Во 1987год., формата на портретот ја следи и симболично прикажување на поедноставена линиска ориентација, со асоцијативни симболи на концептуално замислен физички и духовен свет низ богатството на линеарно решените детаљи.

Во 1988год.,мисловните идејни концепции се движат кон асоцијации на фигурата од растер, обременета со вистината на една урбано решена целина која се прочистува до бледа визуелна асоцијација во чија функција се присутни разни стилизирани елементи и симболи од средновековни орнаменти со понагласени овални линии, низ суптилни колористични расположенија.

Овалните линии во1989год. покажуваат фигуративни асоцијации во еден дел од урбаниот простор повторно со концептуалистичко соочување на елементите во композицијата, односно со извесно содејство на строго геометриските и слободни линеарни интерпретации.

Во 1990год. нагласен е интересот за движење и на формата и на композицијата, додека во 1992год. фигуративното присуство се наоѓа во интересна комбинација на елементи од секојдневната реалност со асоцијации на трдиционални декоративни делови од архитектонската средина.

Во 1995год.постои нагласен интерес за поп-артовско третирање на фигурата прикажана во инсерти, со посебна драматика и динамичност, за покасно во најновите дела истите елементи да добијат порафиниран тон.

Експонатите на Лидија Вујисиќ претставуваат значаен творечки фонд на доста амбициозен ликовен креатор која низ класичната графичка техника на висок печат - линорезот, создава современи ликовни креации кои се единствени, со специфичен графички ракопис низ кои се преплетуваат поетиката на мисловниот и визуелен импресивен процес и строгоста и дисциплинираноста на техничката изведба.

Формите изобилуваат со ритам и свежина, а линијата која ја дефинира формата е силна и убедлива (што претставува и најбитна карактеристика на авторот), односно цртежот изобилува со инзвонредна прецизна и елегантна линија.

Елементите на кубизам и на поп-артот, ги интерпретира на својствен,карактеристичен начин што ја издвојува како посебна ликовна индивидуа во примената на линорезот, додека техничките илузии на другите графички техники ги контролира со префинета техничка перфекција.

Сигурноста во владеење на техниката се демонстрира и во примената на поп-артовскиот колорит кој покрај цртежот, создава силен визуелен впечаток.

Лиљана Христова

## БИОГРАФИЈА

**Лидија Вујисиќ** е родена на 15.04.1957г. во Скопје.
Во 1976г. го завршила средното уметничко училиште во Ниш.
Во 1985г. дипломирала на факултетот за ликовни уметности во Скопје. Член е на ДЛУМ од 1985год.

Адреса: "Јани Лукаровски" 5,I/26,Скопје
тел.: 091 174-096

Самостојни изложби: Лесковац 1996; Скопје 1997

Учествувала на голем број групни изложби во земјата и во странство.
Добитник е на неколку награди и признанија.

ОРГАНИЗАТОР: ЗАВОД, МУЗЕЈ И ГАЛЕРИЈА - Битола
За организаторот: Никола Ивановски
Комесар на изложбата: Лилјана Христова
Компјутерска обработка и печат: Печатница "ГУТЕНБЕРГ" Битола

## ДЕЛА:

1. Мртва природа 1983 линорез во боја
2. Мртва природа 1986 линорез во боја
3. Мртва природа 1986 линорез во боја
4. Мртва природа 1986 линорез во боја
5. Портрет 1987 линорез во боја
6. Симболи 1987 лиморез во боја
7. Во потрага по вистината 1988 линорез во боја
8. Во потрага по вистината 1988 линорез во боја
9. Вртлог 1988 линорез во боја
10. Графика III 1988 линорез во боја
11. Во потрага по вистината 1988 линорез во боја
12. Инсерти 1989 линорез во боја
13. Без наслов 1989 линорез во боја
14. Без наслов 1989 линорез во боја
15. Движење 1990 линорез
16. Движење 1990 линорез
17. Без наслов 1990 линорез
18. Дневни вести 1992 линорез во боја
19. Дневни вести 1992 линорез во боја
20. Предворје 1992 линорез во боја
21. Предворје 1992 линорез во боја
22. Инсерти II 1995 линорез во боја
23. Инсерти II 1995 линорез во боја
24. Игра 1997 линорез во боја

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА БИТОЛА
8 - 20. Јули. 1998